РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-739/3
20-07-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава од ------------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 31-та седница одржана на 16.07.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-3864/1 од 13.08.2019 година оформен по пријавата поднесена на 13.08.2019 година поднесена од подносителот ----------------, во која се укажува на сомневање за неправилности преземени во врска со изградба на нелегално изграден објект (пилана) која се наоѓа во непосредна близана на семејната куќа на семејството ---------------на ул. "Моша Пијаде" бр.40 с.Владимирово, Берово.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3864/1 од 13.08.2019 година поради тоа што надлежните органи во рамките на своите законски надлежности презеле дејствија, ја утврдиле фактичката состојба и издале соодветни решенија (Решение за одобрување на елаборат за заштита на животната средина и Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект - деловен простор), поради што наводите не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со 12-3864/1 од 13.08.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот - ------------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за неправилности преземени во врска со изградба на нелегално изграден објект (пилана) која се наоѓа во непосредна близина на семејната куќа на семејството Галабовски на ул. "Моша Пијаде" бр.40 с.Владимирово, Берово.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК упати Барање за прибирање податоци и информации со број 12-739/1 од 31.01.2020 година со кое побара од Градоначалникот на Општина Берово и од овластениот градежен инспектор при

општина Берово да се достави целосна информација за тоа дали се исполнети законските услови од Законот за градење за изградба на споменатиот објект (пилана), односно дали е издадено одобрение за градба на објектот од страна на општината и дали се исполнети другите законски услови за вршење на дејност - сечење на дрва (пилана).

Од Општината Берово беше доставена Информација со број 12-739/2 од 13.02.2020 година до ДКСК во која се наведува дека овластениот градежен инспектор направил увид на наведената локација односно на КП бр. 15832 КО Владимирово на ул ."Моша Пијаде" бр. 38 сопственост на ---------- и -------------- на која постои изведен објект - настрешница. Истиот бил изграден пред повеќе години и од страна на општината нема издадено Одобрение, односно Решение за изведба и во истиот објект не се обавува никаква дејност.

Во текот на 2019 година правното лице "Таковски - мат" ДООЕЛ с.Владимирово дејноста ја обавувал во деловниот објект кој се наоѓа на КП бр. 4162 КО Владимирово со носител на право на Панче Таковски од с.Владимирово. Од страна на општината Берово на ден 30.05.2019 година било донесено Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект УП бр. 23-75 од 30.05.2019 година со кој се утврдува правен статус на бесправниот објект- деловен простор кој се наоѓа на КП бр. 4162 КО Владимирово.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените конкретните дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека надлежните органи во рамките на своите законски надлежности презеле дејствија, ја утврдиле фактичката состојба и издале соодветни решенија (Решение за одобрување на елаборат за заштита на животната средина и Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект - деловен простор), поради што наводите не се потврдени.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**